АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.11.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6613 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 29 октомври 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4 септември 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-1000, 04.09.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (07.09.2015 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 29 октомври 2015 година, на државно ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) делумно постапил по решението** за изрекување мерка, односно **ја отстранил само извршената повреда на член 92 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно

создадена програма во Република Македонија на македонски јазик), но **продолжил со прекршување на одредбите од член 92 став 14** (половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик, да ја емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

Во анализираниот ден телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитуваше 8 часа 11 минути и 36 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик што е **42,45%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 18 минути и 2 секунди), со што ја отстранил извршената повреда на член 92 став 1 од Законот.

Половина од овој законски минимум е 3 часа 51 минута и 36 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитувал вкупно 3 часа 24 минути и 40 секунди, што е за 26 минути и 56 секунди помалку од потребниот минимум. Со тоа, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип продолжил со прекршување на одредбите од член 92 став 14.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 29 октомври 2015 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка – опомена, донесено на 4 септември 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, продолжил со вршење на повредата од **член 92 став 14** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***